а/0

Република Македонија
**Министерство за животна средина**
**и просторно планирање**

11

Архивски бр: 11 – 7578/2
Дата: 25.10.2011

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

До : “МЕТРУДХЕМ“ ДООЕЛ
ул. “Партизански одреди“ бр. 62-2/19
Скопје

Предмет : Барање за дополнување на известувањето за намера за изведување на проектот

Почитувани,

Во врска со Вашето известувањето за намера за изведување на проектот со број 11-7578/1 од 26.08.2011 година, доставено од стана на “МЕТРУДХЕМ“ ДООЕЛ од Скопје, кое се однесува за “Топилница за олово и цинк Велес“ во општина Велес, согласно согледувањата на стручните служби на Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање Ве информираме дека истото треба да се дополни со следните информациите што треба да ги содржи известувањето за намера за изведување на проектот и постапката за утврдување на потребата од оцена на влијанието на проектот врз животната средина (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 33/2006):

1. Опис на проектот:
- во оваа точка се содржани сите потребни информации и не треба да се надополнува.

2. Карактеристики на проектот
Во карактеристики на проектот недостасуваат информации со кои треба да се дополни известувањето за намера за изведување на проектот :
- да се даде опис на технолошкиот процес вклучително големина, капацитет, капацитет на производство, вложени ресурси на почетокот од процесот и произведена количина и тн (согласно точка 2, алинеја 3 од Правилникот);
- во листата на прашања што треба да ги содржи Студијата за ОВЖС во делот краток опис на проектот, точка 1 е наведено дека ќе има потреба од изградба на нова депонија за одлагање на троска. Ова прашање подетално да се разработи во точка 2 од известувањето на намера за спроведување на проектот.

Република Македонија
**Министерство за животна средина
и просторно планирање**

[redacted]

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

- во алинеја 7 од оваа точка недостасуваат податоци за евентуални други согласности потребни за проектот, и не се наведени други консултирани страни, истите подетално да се разработат во оваа точка.

3. Локација на проектот

- да се разработи алинеја 4, да се наведат податоците кои недостасуваат за намена на земјиштето на или веднаш до локацијата и евентуални идни планирани намени на земјиштето.
- да се разработи алинеја 5, да се наведат податоците кои недостасуваат за зонирање или намена за употреба на земјиштето.
- да се разработи алинеја 8, да се наведат податоците кои недостасуваат односно да се дадат информации за евентуални алтернативни локации кои биле земени во предвид.

4. Карактеристики на можното влијание

- во ова точка описно да се наведат потенцијалните емисии во вода, воздух и почва, влијанието врз луѓето, човековото здравје, биолошката разновидност, карактерот на влинанието, размерот на влијанието, големината и опсегот на влијанието, веројатноста на влијанието, времетраењето и честота на влијанието итн, односно да се преработи целата точка согласно Правилникот за известувањето за намера за изведување на проектот и постапката за утврдување на потребата од оцена на влијанието на проектот врз животната средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 33/2006).

Врз основа на горенаведеното Ве задолжуваме известувањето за намера за изведување на проектот да се преработи и дополни и истото да се достави до Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање.

Со почит,

Изготвиле: Влатко Цветаноски
Хусни Тачи

Проверил: м-р Зоран Бошев

**УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
**ДИРЕКТОР**
**Филип Иванов**